Димитар МИРЧЕВ

# ЗОШТО ЕВРОПА, ЗОШТО ЕВРОПСКИ СТУДИИ?*

Со чест и задоволство, за прв пат во Македонија, започнуваме редовни и систематски, Европски студии, со што се вклучуваме во широката мрежа на странски универзитетски, академски, наставни и истражувачки центри што дејствуваат на подрачјето на европските студии. Тоа е чест и за првата генерација постдипломци на овој курс, но како што истакна и деканот проф. Гоцевски, и за Филозофскиот факултет, најстарата и најугледната македонска академска високообразовна институција.

Ги започнуваме овие студии токму во почетокот на новата декада, на новото столетие и новиот милениум, токму во време во кое Македонија и формално го очекува своето придружување на Европската унија, стожерот на европската интеграција и внатре-европските комуникации. Нашите студии треба да бидат тематски и наставно-научно темелно насочени кон тој процес на придружување, да значат еден лост, кадровски, професионален и интелектуален, на активното и творечко учество на Македонија во Европа.

Но, се поставува и едно претходно, едно прејудикативно прашање, не нужно засновано евроскептично и евроигнорантски и не нужно во контекстот на сегашниот став и политика на Унијата и на Европа воопшто кон Македонија, што мнозина од нас го сметаат, со сериозна причина, за неблагонаклонет или не сосема коректен. Имено, зошто воопшто Европа и зошто настојувања и мерки и „молби" за приклучок; зошто европски студии во функција на тој приклучок, ако е тоа така сврзано?

Последниве години, во македонската духовна матрица и интелект се јавија две струи неповолни за нашата европска егзистенција и партиципација. Макар што ниту едната од двете, за среќа, не беше толку моќна и налик на менталните пандани и однос кон интеграцијата

---

*) Во мај 2000 г. на Филозофскиот факултет започна наставата на *Постдипломските студии по Европска интеграција и комуникации*, тнр. европски студии. На свеченото отворање на студиите, први во Македонија од ова подрачје, говореше деканот на факултетот, проф. д-р Трајан Гоцевски, а воведното предавање на тема - Зошто Европа, зошто европски студии?, го одржа проф. д-р Димитар Мирчев. Предавањето овде е дадено во авторизирана форма.

и пан-европеизацијата, видливи во некои други земји во транзиција или, пак, кандидати за Унијата. Имено, едната струја беше евроскептична и го поставуваше прашањето приближно вака: Зошто ни е Европа, и онака сме во Европа? Европа и да сака не може да не заобиколи, Европа речиси не може без нас, а, освен тоа, Европа е и скапа, Европа зема од нас, не ни дава доволно итн. итн.

Анкетните барометри забележаа такви духовни и ментални шеми и скепси во многу земји, особено пред многу од референдумите и плебисцитите за тоа дали да се влезе во Европа. Да ги спомeнеме притоа неодамнешните случаи со Данска, Норвешка, Австрија, Словенија, Швајцарија итн., значи во земји со најразличен „статус“ во Европа. Втората струја е онаа што ментално сосема им се повинува на „железните закони“ на европската интеграција и што беспоговорно ги прифаќа диктатите и инструкциите за интеграција во Унијата, особено под моменталната пресија на претпоставките: дека без тоа ќе се заостане во развојот и дека развојно може да се напредува само со Европа.

Тие дилеми кај нас ги немаше поизразено, макар што се специфицираа две други, натоварени со емоции и ментално-политички реакции. Имено, кој и што тоа сега бара од нас да ѝ се придружиме на Европа, кога ние сме европска земја par excellence, историски, географски, политички.

Климата на нашето незадоволство како да е под напливот на историската меморија што, се чини, Европа не ја почитува. Имено, Македонија е наводно библиска европска земја, најмногу споменувана земја во Библијата (29 пати). Освен тоа, во древнини таа важела за земја што ги поврзува три континенти и ги чини единствено копно: Евро-Афро-Азија, бидувајќи на тој начин значаен мост и копча на световите: Catena mundi aurea.

А Самуиловото царство што пред токму еден милениум беше едно од најголемите и најбогатите во Европа? А, пред тоа, кога Свети Павле во „Второто писмо до солуњаните“ ги фалеше Македонците за преданото ширење на христијанството, пред да оди во Ахаја, односно во тогаш непостоечката Грција?

А потоа Светите Кирил и Методиј кои ширејќи го христијанството, ја раширија словенската писменост и култура на континен-

тот? А Свети Климентовиот охридски универзитет и Свети Наумовата културна и уметничка школа - налик на Карловиот и Болоњскиот универзитет? Да не говориме за виничките теракоти и солунските и охридските фрескописни и иконописни школи, кои беа претходница на ренесансната уметност во Русија и Европа. Да не говориме за првите филмови, завеси и килоти на Балканот, за првата социјалистичка Република на Балканот, Крушевската, во 1903 г. итн.

Да не говориме за ВМРО-1903, што основачите на модерната светска политологија, Ласвел и Ласки, го прогласија во 1936 г. за прототип на ефикасна политичка организација и „држава во држава"! Произлегува, речиси, дека ние сме ѝ ја дале културата на Европа, а сега треба да правиме постапки и отстапки за да влеземе во истата таа Европа.

Но, во нашата сегашна политичка структура и дух, го има и робувањето на Унијата и слепиот прифат на диктатот на Унијата или, поправо, на европските бирократи од Брисел, Стразбур, Франкфурт, Виена итн. што ќе ги потапкаат по рамо помалку професионалните и помалку вештите наши бирократи, велејќи им дека растат и напредуваат, но дека треба да бидат стрпливи и послушни кога е во прашање Европа.

Во тие дијагонали и пресеци го започнуваме ова студирање на европската интеграција и комуникации, надевајќи се дека тоа ќе биде и стручно и професионално и непристрасно во поглед на реалностите и стереотипите на европската интеграција и комуникација, како и во поглед на местото и потенцијалот на Македонија во Европа. Впрочем, тоа е и мисијата на науката што ниту смееме ниту можеме да ја изневериме.

Но, каде и до каде е Европа, колку е блиску а колку далеку од идејата за самата себе, дали таа вистински се шири или ширејќи се повторно се структурира на центар и периферија, на богати и сиромашни членки на семејството, на моќни и немоќни, на Европа на капиталот и Европа на трудот? Има ли навистина европски пазар, европско општество, европска култура и цивилизација?

Мора да се каже дека идејата за Европа е мошне стара и дури античка. Впрочем, сите големи империи и држави и од Западот и од Истокот имале амбиции и планови па и обиди да ја зафатат и покријат сета Европа. Таков бил случајот и со Римското Царство и со папската

држава и со Царството на Карло Велики, но и со Наполеоновото царство па и со Третиот Рајх и советската деспотија. Но сите тие обиди и амбиции низ историјата биле осудени однапред на пропаст, бидејќи му противречеле објективно на европскиот дух и на европската култура, на органиката на европските народи, што толку многу ги истакнувале мислителите како Имануел Кант, грофот Калерги, Аристид Бријан и многу други.

Шансите за нова, органски компонирана Европа се создадени дури по Втората светска војна, со ликвидацијата но и со отпорот на модерниот тоталитаризам, токму на тлото на Европа. Токму тоа го насетиле но и далекувидо го покренале првите големи, модерни Европејци, Моне, Шуман, Де Мадријага, Аденауер, Митеран, Арон, Черчил и други. Дали почетоците во 1948-1950 г. биле само прагматска потреба на капиталот за единствен простор (знаеме дека Заедницата започнала со установување на Комисијата за јаглен и челик, 1950) или пак, на грижата за демократија и човекови права (формирањето на Советот на Европа, 1949 г. и на Европскиот суд на правдата 1950 г); или можеби на заедничката одбрана и спротиставување на советскиот хегемонизам (НАТО е установен во 1949 г.)?

Се чини дека потребите биле многуслојни и комплексни но дека институционалната основа на европското заедништво, сепак, имала не прагматска туку длабока и промислена визионерска рамка.

Жак Сантер, претседател на Европската комисија вака ќе ги оцени првите европски интеграциски чекори во 1997 г., на одбележувањето на 40-годишниот јубилеј на таканаречените Римски договори: „Беше потребна храброст да се тргне по патот на европската интеграција. Таа се судруваше со многубројни чувствителни моменти, предизвикуваше многу стравови и воздржаност, кои се покажаа како неосновани. Избраниот пат особено ги прекина вековите на конфликти, кога нашите држави не можеа да ги обезбедат своите интереси поинаку освен со оружје и сила.

Денес, нашите земји сочинуваат една целосно оригинална заедница на народи и луѓе, дури и една уникатна заедница. Заживеана со институции снабдени со конкретни компетенции, оваа заедница, заснована врз сопствен правен поредок, се зацврстуваше и развиваше од година во година.

Постојано имаше разлики во гледиштата и конфликти на интереси. Но, суштината на нашата Унија е токму да се бара, со почитување на достоинството и различностите на секоја од нашите земји-членки, решение што овозможува да се зачуваат „суштествените интереси на сите“ (Сантер, 1998г.).

Таквата визионерска рамка, навистина заживеа и крајно се рашири сè до денешните обиди на проектот за Европска федерација, за изработка на Устав на Европа и за единствен државјански статус на граѓаните на Европа. Овој проект, годинава во мај, во Прага, го покрена Меѓународното европско движење, кое секојпат ја обезбедувало идејната основа на евопската интеграција.

Па, сепак, освен визијата и филозофијата на европската интеграција, заедништвото се одвивало и јакнело пред сè прагматски, низ конкретни чекори, најчесто стопански и правно-институционални.

Така, Заедницата за јаглен и челик, што во 1950-52 година ја формирале Франција и Германија била инфраструктурна рамка за заедничкото европско производство и пазар како и за подоцнежното основање на Европската економска заедница (1958-60), за Мастрихтскиот договор во 1991 г., со кој заедницата станува Европска унија и за Амстердамскиот договор во 1997 г., со кој се создава единствениот европски економски простор и се воведува заедничката валута - еврото.

Во меѓувреме, наднационалните европски политички институции исклучително зајакнале и постојано се преобразувале (пред сè Европскиот совет, Комисијата на ЕУ, Парламентот, Судот, но и другите институции), а Заедницата, т.е. Унијата постојано се ширела. (Brittan, 1994).

Но, основата на овој развој била во голема мера, прагматска, односно институционална и пред сè, економска, при што на економијата ѝ се дава улога на природна подлога на мирот, сојузништвото, здружувањето. Робер Шуман, францускиот министер за надворешни работи, вака ја формулира таа европска развојна основа, во мај 1950 г., во француското Народно собрание, а по повод формирањето на Европската заедница за јаглен и челик:

„Заедништвото во производството ќе биде организирано така што да манифестира незамисливост на војна меѓу Франција и Германија, но исто така и материјално да ја оневозможи. Заснovaњето на

моќно заедништво на производството, отворено кон сите земји што сакаат да земат учество, ќе придонесе, исто така, многу од земјите да ги поставаат основните елементи на индустриското производство во рамките на исти услови, што ќе доведе до економска унификација врз реални основи“ (Шуман, 1998).

Севкупно, забележливо е дека и ментално и прагматски Европа се движи незапирливо кон својата интеграција и дека ова подразбира и просперитет и економски напредок, но и унификација или барем лојалност на некои заеднички и универзални вредности: човекови права, демократија, владеење на правото, еднаквост, достоинство на човекот и граѓанинот итн.

За кандидатите за Европа, какви што сме впрочем и ние, оттука се поставува прашањето дали придружувањето на трендот на интеграцијата е неминовност наспроти која или покрај која не се може, или е, пак, слободна волја и проблем на процената што се добива, а што се губи? Швајцарија, впрочем, не е во тој тренд, а го користи исклучително добро. Прашањето, своевремено, позитивно го покрена големиот Европеец Едгар Морен, во своето дело „Како да се мисли Европа“ (Morin, 1990). Имено, тој поаѓа од претпоставката дека Европа живее една судбина на заедништво, дека таа има смисла да се мисли само како заеднички дом на сите Европејци. Па, сепак, категоријата судбина може да ни се транспонира во две значења. Едното е некој вид фатализам, готовост, неизбежност, случување и без некое наше учество или желба. Второто е, а мислам дека Морен на тој начин го поентирал - судбина во смисла на предизвик, на активизам, на заедничко учество и придонес на сите. Зашто судбината може да влече, може да се живее, но може и да се создава. Човечки е таа да се твори и создава.

На извесен начин, тоа се однесува и на Македонија. Дали Македонија ќе се менува внатрешно и ќе ѝ се придружува на Европа по диктат и според „железните закони“ на интеграцијата, или, пак, тие „железни закони“ ќе ги сфатиме како една реалност и предизвик? Впрочем, ако ние сме навистина библиски, историски и географски - европска земја, тој предизвик и таа реалност ќе бидат за нас многу полесно прифатливи и остварливи.

Што е всушност за нас Европа денес, колку ние учествуваме во европскиот идентитет и реалност? Дали е тоа една голема заедница,

со околу 400 милиони жители, со денес 15, утре 20-25 државни единици без меѓусебни граници, без меѓусебни царини, даноци, пасоши; заедница со усогласени закони, правни системи, заштита на трудот, на правата на човекот, со култура без граници, со демократија без задршки и бариери, со отворени можности за вработување, творење, збогатување? Или, пак, е еден затворен меѓудржавен механизам, контролиран од бирократите во Брисел и Стразбур, кој со присила и притисок го унифицира однесувањето на сите членки и на сите граѓани, кој ги поништува полека националните граници, разлики, специфики, историски дадени и слободни определби и избирања на начинот на живот, производство, консумација, впрочем и вкусови. Европската унија тврди дека не е таква, поправо дека означува „единство во различност".

Но, ние мораме да ја запознаеме, да ги осознаеме сите нејзини механизми, предности и хендикепи, особено да ги дознаеме „клучовите" на придружувањето и заедничкиот живот. Тоа особено затоа што Европа е и полна со интереси, различни и спротивни, затоа што таа значи и борба на интереси, значи и компетиција, трка, спротиставување, конфликти. Клучот за Европа не е клуч за рајот. Токму во тоа е смислата и вокацијата на нашите европски студии. На најопшт начин речено, не смееме да се придружуваме „на слепо", на истиот начин на кој и Европа не нѐ купува нас како „мачка во вреќа". Мораме да бидеме свесни дека Европа многу повеќе нѐ познава нас одошто ние ја познаваме Европа. Нашата цел е да ги продлабочиме нашите познавања и за Европа и за самите нас во Европа.

Знаеме ли, на пример, дека меѓу првите триесет земји во светот, според Индексот на човековиот развој - деветнаесет се членките на Европската унија и уште четири други европски земји? Дека општествениот бруто производ во ЕУ се движи некаде околу 21.000 USD по жител - годишно, дека просечниот век на живот на граѓаните на ЕУ е некаде околу 77 години, писменоста - околу 98%, а соодветните бројки за Македонија се - ОБП - 3.120 USD, просечниот век на живеење 73 г., писменоста - 94%?

Заедно со нас во Европа е - Латвија, зад нас, според тие индикатори на развој - само Албанија. Според методологијата, БИХ и СРЈ не се пресметувани (The World Bank, 1999). Нашите сознанија се дека,

општо земено, сме претпоследна земја во Европа според развојниот ранг. Тоа не ни влева оптимизам за брз, лесен и ефикасен влез во Европа и во Европската унија, но секако мора да ни влее чувство на предизвик и уште едно позитивно/негативно чувство, специфично за нас - инает за тоа да го постигнеме и тоа - што побргу. Речиси немаме други шанси во приклучувањето и во хабитацијата во Европа. Прва претпоставка за тоа е *знаењето како, при што европските студии се битен инструмент на тоа знаење.*

Следната, логична претпоставка е дека за успешното, ефикасно и навремено приклучување на европскиот интеграционен тренд, на Македонија ѝ е потребна национална, односно државна стратегија. Таа засега не постои, како што не постои ниту стратегија за нашата надворешна политика, за безбедноста и за економските односи со странство.

Европските студии би требало и би можело да придонесат и да учествуваат не само во обликувањето на таа стратегија, туку преку кадарот што го едуцираат и во имплементацијата на стратегијата. Тоа е најдлабоката смисла, потреба и мисија на овој курс на Европски студии на Филозофскиот факултет.

Во Европа, особено во земјите во транзиција од Средна и Источна односно Југоисточна Европа, европските студии се веќе од одамна воспоставена наставна, истражувачка и научна дисциплина. На тоа подрачје, во Варшава, Прага, Будимпешта функционира веќе девет години - Средно-европскиот универзитет. Во Клуж, Романија - оформен е пред пет години факултетот за Европски студии, во Софија, Бугарија - веќе со години се одвиваат додипломски европски студии како и 16 постдипломски курсеви во различни специјалистички дисциплини. Во Турција се остваруваат 30 постдипломски курсеви за студии на европската економија, политика, право, култура, јавна администрација итн. Европските студии се без исклучок поддржани од образовните власти на ЕУ во Брисел, особено преку програмите на PHARE, потоа преку проектите на TEMPUS, SOCRATES, ERASMUS и други. Оформени се моќни и масовно користени истражувачки и документациско-информациски центри за европски студии, за европска интеграција, информатика, комуникација, исто како и европски центри за статистика и документација (European Studies, 1997).

Нема сомневање дека насекаде европските студии стануваат прво, самостојна и самосвојна научна дисциплина; второ, научна дисциплина што масовно се изучува и применува и трето, научна дисциплина што околу *европската парадигма* влијае на модернизацијата и хармонизацијата на сиот образовен систем, особено во земјите во транзиција.

Се надеваме дека такво влијание, барем иницијално, ќе покрене и нашиот курс по Европски студии.

Според тоа, програмски, ова не се студии редуцирани на знаења за тоа како функционираат институциите на ЕУ и европската интеграција, ниту се, пак, прост збир на дисциплини како што се - европска цивилизација, уметност, право и политика, одбрана и безбедност, европска економија и пазар и сл. Нивната поента и скелет е токму *европската парадигма*, исто како што своја парадигма имаат и класичните студии, античките студии, американските студии итн., а овие не се прост збир на национални специјални дисциплини. Проф. А. Марга ја споредува таа парадигма со Хегеловиот пристап во неговата грандиозна филозофија на историјата, каде што светската историја се разбира од аспект на парадигмата на Реформацијата, од аспект на свесната слобода на секое човечко суштество. Овде таа парадигма се транспонира како европско заедништво и свесно чувство во неговото творење, во неговите отворени културни вредности (Marga, 1998).

Како во Европа и во средно и источно-европските земји започнаа и се интензивираа овие студии? Уште на Виенскиот самит во 1993 г., шефовите на држави и влади на земјите членки на Советот на Европа се заложија за нова Европа како „широко подрачје на демократска безбедност". Во таа прилика беше подвлечена улогата на Советот на Европа во унапредувањето на човековите права, на фундаменталните слободи, на владеењето на правото и демократскиот плурализам преку јакнење на демократските институции и граѓанското општество. На следниот самит, во 1997 г. во Стразбур, усвоен е Акциски план за обезбедување на демократска стабилност во Европа, врз основа на кој се покренува и образовен програм за демократско граѓанство и за унапредување на свеста на граѓаните за нивните права и одговорностите во демократското општество.

Истата година, во рамките на Директоратот за образование, култура и спорт на Советот, лансиран е прв проект - *Европски студии за демократско граѓанство,* што беше голем импулс за овие студии. Практично, сите членки на Советот од Средна и Источна Европа ги воведоа тие студии, освен Република Македонија. Таа дури сега, со овој курс ѝ се приклучува на иницијативата (Hersant, 1999).

Да ја изразиме надежта, дека овие студии кај нас цврсто ќе се воспостават, дека ќе имаат извод и плод и во скорешно отворање на додипломски студии, на покренување на многу нови истражувачки проекти и дека првата генерација студенти и наставници успешно ќе го направи пионерскиот чекор на установувањето на едно ново и модерно научно подрачје кај нас.

## Литерарура


1. Сантер, Жак: *Евроӣа за Евроӣјаниӣе и со Евроӣјаниӣе*. Во - Мирчев, Д. - Политичките говори на современието. Скопје: Мисла 1998, стр. 110-112;
2. Brittan, Leon: EUROPE: The Europe We Need. London: Hamish Hamilton; 1994;
3. Шуман, Робер: *Економскаӣа инӣеīрација - ферменӣ на евроӣскоӣо заедништво*. Во - Мирчев, Д. Политичките говори на современието. Скопје: Мисла. 1998, стр. 99-102.;
4. Morin Edgar: *Penser l'Europe*. Paris: Gallimard. 1990;
5. The World Bank/undp: Human Development Report 1999. New York: Oxford University Press, 1999;
6. European Studies Today. Grigorescu, D. and Pann, N. (eds) Cluj: Nanoca. 1997;
7. Marga, Andrei: European Studies. Bo – "European Studies Today", op. cit. 1997, str. 11-14;
8. Hersant Ives: Higher Education and European studies: Education For Democratic Citizenship. Consolidated Report and Conclusions. CC-HER (99) 18. Strasbourg: Council of Europe. 1999;

Dimitar MIRČEV

## AN ABSTRACT

The essay presents the authorized first lecture of the author at the newly established Post-graduate programme of the Faculty of Philosophi in Skopje – *Euroean integration and Communications* (May, 2000). The lecture explains the motives for initiating these, what are called – European Studies, deriving particularly from the overall efforts of our country invested integration in the European structures.

Nevertheless, the process of integration faces several dilemmas, skepticism and uneasiness as well as a realistically based fear for the destiny, development and prospects of the economy, culture, politics, and society of sovereign and independent Macedonia in that direction.

The author does not avoid these topics but gives a set of arguments for the necessity to better know Europe and to more profoundly study Europe.